**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Деведесет и деветата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,08 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ванчо Георгиев, Ацо Спасовски, Неждет Мустафа, Рафет Муминовиќ, Зоран Крстевски, Аднан Ќахил, Ванчо Стаменков, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска Цветанова, Љубисав Иванов - Ѕинго, Семијал Хасани, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојановски и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ако некој сум го прочитал, а тој е тука, ве молам да се пријавите.

Бидејќи 30-тата точка каде предлагачи се Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани за Информација за состојбите и последиците на граѓаните од кризните региони претрпени од воените дејствија во 2001 година, не се тука како претставници и таа точка ја одлагаме.

Минуваме на наредната точка - **Предлог за избор на член на Републичкиот судски совет.**

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Мислам дека договорот беше да продолжи 103-та седница затоа што има уште три точки кои треба да ги донесеме, а 99-та седница требаше да биде после неа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, точно така беше договорот, но имаме сега кворум доволен за да се изберат тие, ние брзо ќе завршиме и ќе продолжиме со таа седница.

Ве молам, уважете го тоа, ништо не се губи, а колку што знам уште има консултации во врска со една точка од актуелниот предлог на дневен ред.

Минуваме на точката 3,- но претставник од Републичкиот судски совет немаме.

**Минуваме на точката 15. - Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.**

Предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител и измената на Предлогот ви се доставени односно поделени.

Согласно Законот за Народниот правобранител, замениците на Народниот правобранител се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Лилјана Илиевска да биде избрана за заменик на Народниот правобранител.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лилјана Илиевска да биде избрана за заменик Народен правобранител, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Кој е против? (Никој)

Кој е воздржан? (Никој)

Констатирам дека од вкупнот 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за предлогот гласаа 19 пратеници, немаше против, нема воздржани.

Констатирам дека Лилјана Илиевска е избрана за заменик на Народниот правобранител.

Отворам претрес по предлогот Даут Селими да биде избран за заменик на Народниот правобранител.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, јас бев пријавен и за претходната точка, но во секој случај, бидејќи ова е 99-та седница, мислам дека господинот Народен правобранител предлогот на листата што ја има доставено сега пред Собранието, ние имавме една друга предлог листа за заменици јавни правобранители и во моментот кога требаше да гласаме точка на дневен ред, тогашниот правобранител го изгласавме за судија на Уставниот суд. Во меѓувреме имаме нов предлог во кој имаме нови лица за кои апсолутно како Собрание и како пратеници не сме известени која е причината за промената на новите претставници кои треба да бидат заменици на Народниот правобранител.

Очекував дека господинот Народен правобранител ќе излезе и ќе го образложи неговиот предлог, ќе образложи зошто ги предлага овие кандидати и зошто се променети претходните од листата која беше предложена од господинот Бранко Наумовски.

Во меѓувреме таква работа ниту на писмено ниту пак денеска очекував неговото обраќање да биде јавно, да проговори кои се причините и дали воопшто имаше потреба за менување, затоа што и тогаш добивме исти податоци како и сега дека тие се избрани поради она што го работеле до тогаш, дека се правите луѓе на кои граѓаните ќе

им веруваат и ќе им даваат помош. Дали сега господинот правобранител чувствува потреба тоа да го објасни или ќе поминеме вака, сигурно има некој договор меѓу вас, меѓу партиите на власт и тогаш да ги поминеме сите како што се. Тука апсолутно не станува збор ниту за некој дека е способен или дека е неспособен и чувството на луѓето што ги променивме, а беа веќе избрани, незнам како на нив ќе им објасниме зошто како Собрание не сме ги избрале сега.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, предложените кандидати од претходниот Народен правобранител беа предложени ама не беа избрани. Според тоа, нема што да се објаснувам.

Имаме нов правобранител кој има легитимно право да си предложи нови кандидати за заменици на Народниот правобранител.

Мислам дека тоа е сосема јасно. Јас не го оспорувам правото на господинот Иџет Мемети ако нов Народен правобранител да даде објаснување, ако има желба.

Во секој случај, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Даут Селими да биде избран за заменик на Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволен број)

Го поништувам гласањето и ги молама пратениците да не се оддалечуваат.

Го повторувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 гласал за, 2 воздржани нема против.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? Молам да крене рака?

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупоно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија за предлогот гласаа 20, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Даут Селими е избран за заменик Народен правобранител.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по предлогот Насер Весељи да биде избран за заменик на Народниот правобранител.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Затоа седам претседателе, за да зборувам за многу почитуваниот колега предложен кандидат Насер Весељи.

Ние, во предлогот од страна на Народниот правобранител имавме добиено еден предлог, се надевам, како што беше образложението на Народниот правобранител, дека мотивите за предлагање на овие кандидати е тоа што тие биле стручни истакнати и потврдени во своето знаење, а во средината познати како чесни, некомпромитирани, вредни и способни за успех итн.

Сега, по долго размислување Народниот правобранител го дал предлогот ваков каков што е даден со одреден господин Неџати Османи кој ќе биде одговорен за канцеларијата на Народниот правобранител во Куманово.

Народниот правобранител на ден 14 јули, а колку што ми е познато, вчера, го повлекува предлогот господинот Неџати Османи да биде човек кој ќе раководи со канцеларијата на Народниот правобранител во Куманово и го предлага господинот Насер Весељи затоа што господинот Неџати Османи од здравствени причини ја повлекол кандидатурата.

Сега, заради запознавање на оние колеги кои не успеале да се запознаат со податоците за кандидатот кој ќе раководи со канцеларијата на Народниот правобранител или заменик за Куманово, јас ќе ја прочитам биографијата на предложениот Насер Весељи.

Насер Весељи е роден во 1958 година во село Липково, општина Липково. Основно училиште завршил во родното место, а средното образование го оформил во Куманово. Во 1990 година го завршил Правниот факултет.

По завршувањето на студиите се вработил како адвокатски соработник каде работел три години, еден месец и 16 дена, а од 1 април 1994 година се вработил како даночен инспектор во Управата за јавни приходи на Министерството за финансии во Куманово каде и сега работи како советник и инспектор во регионалната дирекција Штип, даночно одделение Куманово.

Значи, Насер Весељи има вкупен работен стаж од 14 години, 4 месеци и 27 дена и со оглед на работното искуство и работите и задачите кои досега ги извршувал се оценува дека со успех ќе ја извршува функцијата заменик на Народниот правобранител.

Јас не ги разбирам мотивите на Народниот правобранител, можеби тој ќе најде за сходно да ги каже, меѓутоа, со работното искуство и стручноста која ја има Насер Весељи како даночен инспектор во Управата за јавни приходи на Министерството за финансии, се прашувам колку тој ќе биде способен и подготвен во овој момент да ги извршува задачите како заменик Народен правобранител за Куманово со оглед на етничкиот состав на општина Куманово, значи една и по број на жители и по бројот на припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, тука не мислам само

на Албанците, таму има и други, дали со искуството како даночен инспектор ќе прашам во Управата за јавни приходи овој почитуван господин ќе може да ги штити основните човекови слободи и права, она што е основна надлежност на Народниот правобранител, дали ќе може да го спроведува добриот закон за Народен правобранител, искрено да ви кажам, мене со оваа биографија вака приложена не прејудицирам, меѓутоа, сметам дека овој господин ја нема потребната можност или потребните квалитети за да може да ја извршува работата заменик Народен правобранител за Куманово.

И претходниот кандидат не бил кој знае што по искуството Неџади Османи иако сметал, како што напишал во самиот предлог Народниот правобранител, дека очекува со своето искуство од осум години дека ќе ја обавува работата заменик Народен правобранител во подрачната канцеларија во Куманово добро.

Значи, моето размислување е дека ваквиот предлог апсолутно некоинцидира со потребите, надлежностите и идните потреби на Народниот правобранител, посебно во општина Куманово.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Насер Веселљи да биде избран за заменик на Народниот правобранител, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Кој е против? (Нема)

Кој е воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупно 30 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за предлогот гласаа 20 пратеници, немаше против и немаше воздржан од гласањето.

Констатирам дека Насер Веселљи е избран за заменик на Народниот правобранител.

Отворам претрес по Предлогот Марина Обадиќ да биде избрана за заменик на Народниот правобранител.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Марина Обадиќ да биде избрана за заменик на Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република

Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Кој е против? (Нема)

Кој е воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за предлогот гласаа 20 пратеници, нема против, нема воздржан пратеник.

Констатирам дека Марина Обадиќ е избрана за заменик на Народниот правобранител.

Отворам претрес по предлогот Славјанка Михајловиќ да биде избрана за заменик на Народниот правобранител.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Славјанка Михајловиќ да биде избрана за заменик на Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65, пратеници, 65 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република

Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Кој е против? (Нема)

Кој е воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за предлогот гласаа 20 пратеници, нема против и не се воздржа никој од гласањето.

Констатирам дека Славјанка Михајловиќ е избрана за заменик на Народниот правобранител.

Отворам претрес по Предлогот Рајна Пановска да биде избрана за заменик на Народниот правобранител.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Рајна Пановска да биде избрана за заменик на Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 64 пратеника, 64 пратеника гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република

Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Кој е против? (Нема)

Кој е воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, за предлогот гласа 20 пратеници, нема против и од гласањето не се воздржа никој.

Констатирам дека Рајна Пановска е избрана за заменик на Народен правобранител.

На избраните заменици на Народен правобранител им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Давам пауза од 15 минути.

Ќе продолжиме со претходната седница.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот).

(по прекинот на 101 седница, продолжи 99-та седница)

Во 17,36 часот продолжи со работа 99-та седница.

**Љупчо Јордановски: Минуваме на точката 31-Информација за системските мерки-императив за надминување на млечните кризи**

Информацијата и Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев :** Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа пратеници.

По втор пат во овој состав на Парламентот на Република Македонија ние разгледуваме ваква Информација која, по мое мислење, претставува огромно значење за една стопанска гранка во целиот агрокомплекс, поточно во Секторот млеко-производство.

Со оглед на тоа дека Република Македонија ако со нешто може во овој изминат период на 15 години самостојност да се пофали со пораст на производството, со пораст на откупот, со зголемување на вработувачките капацитети, со пораст на вредноста на производството на млеко, па одтука сметам дека во секој случај и поради тоа што е по барање на целокупното Здружение на млеко-производители, млеко-преработувачи, Стопанската комора на Република Македонија , Парламентот на Република Македонија да расправа за вака значајна точка, за едно производство кое годишно изнесува во својот пик најголемо ниво на производство во 2000-та година 270 милиони литри млего годишно и претставува една огромна вредност во создавањето на бруто општествениот производ на Република Македонија.

Иако Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство при повторната дискусија не ја подржа оваа Информација од причини што ценеа дека недостасуваше мислењето од Владата, а Владата има негативно мислење кое се состои во тоа дека Владата по заклучоците предложени во оваа Информација веќе се произнела со негативен став.

Лично сметам дека со неколку збирни реченици би можел многу конкретно да ви ја предочам сликата за состојбата во македонското млеко-производство.

Се работи за следното:

Имено, компарирано со 1991 година Република Македонија достигна пораст на производство од 70% во делот на млеко-производството и во однос на произведените 120 милиони литри во 1991 година, сега во 2004 година ние произведуваме 160 милиони литри кравјо млеко и 50 милиони литри овчо млеко. Меѓутоа, она што е по значајно за нас тоа е како држава организираниот откуп на млекото, порастот на технологијата и учеството на дополнителната вредност во финалниот производ како млеко-производ.

Откупот во 1991 година бил 35 милиони литри и едвај со 60% Македонија ги задоволува своите потреби за млеко-суровина и финален производ, а сега во 2004 година, последниот податок изнесува 95 милиони литри и Македонија не само што ги задоволува своите потреби за млеко и млечни преработки, туку Република Македонија извезува во соседните држави како Република Грција, на Косово, се прават обиди да се извезува во Албанија млечни преработки и млеко суровина.

Тоа покажува дека потенцијалот на оваа гранка е огромен , вредноста на извозот достигнува над 5 милиони евра годишно што може да биде битен фактор во намалувањето на огромниот трговски дефицит што го има Република Македонија .

Впрочем, сите овие мерки кои се предложени во Информацијата укажуваат на тоа дека Република Македонија прифаќајќи можеби како размислување, не мора како конечен став, или одлука на Парламентот или заклучоци кои ќе ја обврзат Владата на Република Македонија како општествено размисслување дека прифаќајќи ги стандардите, узансите, правилата наречени аки-комунитар во делот на она што претставува Европската аграрна стратегија, ние можеме на ова поле многу сигнификантно да бидеме конкурентни не само на Балканот, туку и со други поразвиени европски држави од членките ЕУ-15 ако ги примениме мерките за кои ќе образложам накратко.

Значи, имајќи го предвид значењето на млеко-производството, подигнатата технологија, развојот на млекарските капацитети, извозните капацитети на Битолска млекара, потоа Тетовска и Млекарата-Богданци, ние можеме да сметаме дека преку оваа гранка, до колку ги следиме европските правила да постигнеме и нови

вработувања и во делот на она што претставува примарно производство како стимулирање на мали фарми и она што претставува сервис на фармерските здруженија и во делот на мали млекарски капацитети кои се податливи за територијата на нашата држава.

Кои се основните заложби на оваа Информација?

Почитување на правилата на ЕУ која во 2004 година за системски мерки потрошила 2,6 милијарди евра од кои за нас се позначајни 1,2 милијарди евра како директни интервенции во компензации, откуп, регрес за ускладиштување и она што е најважно за нас-премија за млеко како млеко-суровина.

Одтука сметам дека Република Македонија доколку сака да биде прво земја кандидат членка на ЕУ, а потоа и полноправна членка мора, пак ќе кажам како општествена размисла да го приопшти тој начин на размислување на нужноста на државата кое ние несреќно го формулираме како државен интервенционизам, туку напротив, она што претставува европско правило, стандард, узанс, полека, но сигурно можеби прво во мали количини, мали мерки да можеме да го применуваме во Република Македонија, па одтука да сметаме дека ќе можеме во годините што идат пред нас, јас се надевам дека до крајот на оваа година можеме да го добиеме статусот на земја кандидат да сметаме дека преку Цапар фондовите, преку ИФА фондовите, преку КАРДС програмите да можеме полека, но сигурно таа политика да ја имплементираме и на наше тло затоа што ние за разлика од многу други земји имаме големи успеси во делот на агрокомплексот.

Оваа Информација има за цел, пак ќе кажам нема големи аспирации, меѓутоа, да го актуелизира проблемот, да го постави како тема, да и препорача на Владата уште еднаш со овие заклучоци кои Владата тврди дека еднаш ги применила, дека конечно е дојдено време Република Македонија да ја напушти таа фразеологија дека државниот механизам , ние сме против државниот интервенционизам, ако така прави цела Европа, тогаш тоа Република Македонија мора да го препознае како аки комунитар и ние тој аки комунитар да го следиме. В

Во тој контекст рефакциите за транспорт Македонија нема свое пристаниште на море, секој увезен тон сточна храна или компонента за сточна храна што учествува во храната за стоката го плаќа 20 долари по тон поскапо затоа мора да има рефакција за сточна храна која го поефтинува млеко-производството, мора да дава премија за млеко затоа што нема свое домашно производство , два денари, а тоа може да го направи за 150 милиони произведено млеко на територијата на Република Македонија потребни се само 300 милиони денари или 5 милиони евра, а млекарската индустрија ИМБ Битола прави годишен обрт од 150 милиони евра на територијата на Република Македонија . Можете да разберете колку е малку во однос на она што претставува Битолска млекара во создавањето на бруто општествениот производ на Република Македонија само како еден единствен капацитет, а да не зборуваме за другите млекарски капацитети.

И во делот на овчарството, извозот на јагнешко месо, извозот на сирење, кашкавал и други млечни преработки.

Во делот на ускладиштувањето имаме проблеми, немаме изградено фабрика за млеко во прав во Република Македонија , може да се размислува со она што беше најновата програма на Владата на Република Македонија , жал ми е што нема присутен од Владата, Владата преку јавни инвестиции и инвестиции во јавниот сектор да се направи еден капацитет за млеко во прав во државна сопственост, а со корпоративно учество на сите млекарски капацитети во Република Македонија и во летниот период на време, тоа што го прави секоја европска земја како Грција, Бугарија, Србија и Црна Гора пред се во делот на Војводина, Хрватска, да можеме тој вишок на млеко да го претвориме во млеко во прав што претставува стратешка суровина што претставува моќна кондиторска индустрија како "Европа","Краш-Битола", "Агроплод"-Ресен за да можеме да направиме супституција на увозот и скапо потрошени 10-тина милиони евра за увоз на млеко во прав.

Конечно, најважната мерка пред се интервентните откупи како што "Европа" откупува по интервентни цени за путер и млеко во прав, бидејќи ги немаме тие производи, можеме да откупиме она што претставува наша традиција тоа е белото саламурено сирење и кашкавал во летните периоди и на таков начин да овозможиме поголема продуктивност на нашите сточари, поголема продуктивност на млекарниците и на крајот на краиштата поголемо задоволство кај нашите потрошувачи со консумација на квалитетен производ и елиминирање на шкартот и оние несреќни шверцувани производи по автобусите и колите пред се од Бугари и Србија и Црна Гора кои штимаат други системски мерки со кои го потценуваат своето производство и за тоа нашето производство е поскапо.

Од тие причини би ве замолил да ја подржиме оваа Информација , таа нема големи претензии, таа има претензија пред се да алармира, да укаже дека конечно време е Македонија да го сврти листот во чекорењето кон ЕУ и да ги прифати стандардите, правилата на Европската аграрна стратегија што е фундамент на Европската економска стратегија на сите земји од ЕУ.

Ви благодарам и се надевам дека ќе ја подржите оваа Информација.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Ѓорѓиев имате збор.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе, сосема кратко, за да не се стекне впечаток во јавноста дека пратеничката група на СДСМ ќе

гласа против иако оваа Информација е добра и комплетна, меѓутоа, треба да кажам само неколку реченици.

На Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беше разгледана оваа информација и беше доставено од страна на Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, беше доставена информација дека на седница на Влада е разгледана ваква слична информација и се донесени конкретни заклучоци и мерки за надминување на млечната криза. На наше барање до претседателот да ги добиеме тие заклучоци од страна на Владата и на наредна седница да разгледаме и да усогласиме заеднички заклучоци, затоа што сметаме дека дел од заклучоците кои што се предложени во ова информација не се возможни да се спроведат во пракса.

Ние како пратеничка група ќе гласаме против.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот.

Искрено господине Ѓорѓиев, не ми е јасно што значи за да не се стекне впечаток дека пратеничката група на СДСМ нема да гласа против. Ако гласа против, гласа против, ако гласа за, гласа за, и тука не ми е јасно искрено да ви кажам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот а пратениците повторно ги молам да влезат во салата.

Сега, во салата се присутни доволно пратеници.

Господа пратеници, бидејќи претресот е заклучен, предлогот на заклучоците содржани во инфорамцијата, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Глсале 63 пратеници, 18 за, 2 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не ги усвои предложените заклучоци.

Господа пратеници, тука ќе ја завршиме денешната сесија. Бидејќи, останаа неколку недовршени седници, дополнително ќе бидете известени кога ќе продолжат. На 19 јули имаме нова седница.

Благодарам и пријатно.

(Седницата прекина со работа во 17,52 часот.)